# Violeta Nikolovska

**Виолета Николовска е родена 1966 година во Скопје. Редовен професор е на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Нејзино научно подрачје се предмети од областа на Македонистиката и Лингвистиката.**

На Филолошкиот факултет ги предавала предметите Општа лингвистика и Историја на лингвистиката, што е специјалност на нејзиното подрачје на научен интерес, а на Факултетот за образовни науки го предава предметот Македонски јазик со култура на изразувањето, што е втората научна област во која е усовршена. Пишува научни трудови од областа на синтаксата, семантиката, когнитивната лингвистика, етнолингвистиката, културата на изразување и стандардниот јазик. Учествува во домашни и меѓународни проекти, од кои еден е: Axiological Lexicon of Slavs and their Neighbors; project Eurojos -2, а другиот е научна соработка меѓу МАНУ и САНУ, под наслов „Јазикот како запис на културата во етнолошката и лингвистичка анализа на релација Србија и Македонија“. Учествувала и во работата на други проекти од национален интерес (меѓу кои „Толковен речник на македонскиот јазик“, „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи“) и меѓународни проекти (TEMPUS_ __project: Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading__).

Dofinansowano z programu
„Doskonała nauka” (ID 462229)
Ministra Edukacji i Nauki

Ministerstwo
Edukacji i Nauki

